Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-297/3

Датум: 04. 03. 2022

ДО

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитувана г-дин

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-297/2 од 04.03.2022 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате на Вашата е-адреса да Ви биде доставена следната информација:

-колку изнесува месечната плата во нето и бруто за претседател и член на комисијата за инспекциски совет.

Во смисла на Вашето Барање ве информираме дека:

- Со член 20 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/2019) е утврдено дека Инспекцискиот совет има претседател и шест члена, кои функцијата ја извршуваат професионално, односно дека нема статус на „комисија", како што е наведено во Вашето барање на информација од јавен карактер;

- Согласно член 21 став 4 од Законот за инспекциски надзор, претседателот и членовите на Инспекцискиот состав се избираат на јавен оглас што го распишува Владата на Република Северна Македонија. Изборот на претседателот и членовите на Советот, од пријавените кандидати на јавниот оглас, го врши Владата на Република Северна Македонија со донесување на поединечно решение за избор на претседател и за секој избран член, одделно. Притоа, Владата исто така со посебни, поединечни решенија за претседателот и за членовите го утврдува и коефициентот за пресметување на нивната плата. Согласно истите решенија, на претседателот и на членовите на Инспекцискиот совет им е утврден коефициент 3,9 за пресметување на платата. Месечната плата по основ на работно искуство се зголемува за 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%. За функцијата за којашто се

избрани, наведениот коефициент е утврден со Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, бр. 14-5040/1 од 27.04.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2021).

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

Даниела Рендевска
Генерален секретар

Подготвил: Елизабета Кучера, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Одделение